# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток 17 Август 2017 година Број 08/2017 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

### РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год.
бр.08-1938/2 од 23.12.2016 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 година, бр.08-1938/2 од 23.12.2016 година, бр.08-1139/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1139/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 година, донесе

### ПРОГРАМА
за измена и дополнување за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год.
бр. 08-1938/2 од 23.012.2017 год.

I. Се менува и дополнува Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год. бр.08-1938/1 од 28.12.2016 год.во делот на планирани финансиски средства за поддршка на активностите во областа на спортот во општина Радовиш.
Планираниот износ во Програмата бр.08-1938/1 од 28.12.2016 год. од 10.000.000 ден. беше распореден врз основа на распишан Јавен повик за поддршка на спортски клубови и здруженија.
Според донесената Програма за измена и дополнување на Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год. бр.08-777/1 од 11.05.2017 год., планираниот износ од 10,000,000 денари се зголеми за 1.000.000 ден. за поддршка на манифестации и турнири кои се организираат во општина Радовиш и Програмата изнесуваше вкупно 11.000.000 ден.
II. Планираниот износ од 11.000.000 денари се зголемува за 2.500.000 денари и Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш 2017 год, изнесува 13.500.000 ден. Најголем дел од зголемениот износ ќе биде наменет за поддршка на Фудбалскиот клуб Плачковица, Боречкиот клуб Бучим, Кошаркарскиот клуб и за
6-то Ноемврискиот турнир во мал фудбал. Средствата ќе бидат планирани во програмата L0 и ќе бидат распоредени по донесени поединечни Одлуки на Советот на општина Радовиш.
III. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 08-1139/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2016 год. бр.08-1939/2 од 23.12.2016 година

Ја прогласувам измената и дополнувањето на Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2016 година, бр.08-1939/2 од 23.12.2016 година, бр.08-1140/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1140/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 05/02), Советот на општина Радовиш, на седницата одржана на ден 16.08. 2017 год., донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2017 год.
бр.08-1939/2 од 23.12.2016 год.

I. Се менува и дополнува Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2017-та год., бр. 08-1939/2 што ја донесе Советот на општина Радовиш на седницата одржана на ден 28.12.2016 год. за која во Буџетската програма К4 во Буџетот на општина Радовиш беа предвидени 2.500.000 ден. Планираниот износ во Програмата од 2.500.000 ден. беше распореден врз основа на распишан Јавен повик за поддршка на Здруженија од областа на културата како и со поединечни одлуки на Советот на општина Радовиш.

II. Заради усогласување со предвидените средства во буџетската програма G1 и дополнителни барања за активностите од областа на културата се менува и дополнува Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2017-та во делот на предвидени средства. Износот од 2.500.000 ден. се зголемува за 710.000 ден. и Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2017 год. изнесува 3.210.000 ден.

III. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш

Бр. 08-1140/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2017/2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2017/2018 година, бр. 08-1141/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1141/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Законот за средно образование, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 година, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Коста Сусинов" Радовиш за учебната 2017/2018 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ

"Коста Сусинов" Радовиш, за учебната 2017/2018 година и тоа:

- I-1 со __ ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-2 со __ ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-3 со __ ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-4 со __ ученика,македонски јазик-гимназиско образование;
- I-5 со __ ученика,македонски јазик-гимназиско образование;
- I-6 со __ ученика,турски јазик-гимназиско образование;
- I-7 со __ ученика,македонски јазик-геолошка, рударска и металуршка струка;
- I-8 со __ ученика, македонски јазик-електро-техничка струка (4 г.);
- I-9 со __ ученика, турски јазик-Електро-техничка струка; (3г.)

**Уписот за прва година е во тек затоа нема број на ученици.**

- II-1 со 17 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- II-2 со 17 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- II-3 со 16 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- II-4 со 11 ученика турски јазик-гимназиско образование;
- II-5 со 11 ученика македонски јазик-геолошка, рударска и металуршка струка;
- II-6 со 14 ученика македонски јазик-електро-техничка струка;
- II-7 со 12 ученика турски јазик-електро-техничка струка;
- III-1 со 18 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- III-2 со 21 ученик македонски јазик-гимназиско образование;
- III-3 со 24 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- III-4 со 16 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- III-5 со 16 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- III-6 со 12 ученика турски јазик- гимназиско образование;
- III-7 со 18 ученик македонски јазик-геолошко-рударска металуршка струка;
- III-8 со 16 ученика македонски јазик-електро-техничка струка;
- III-9 со 18 ученика турски јазик-електро-техничка струка;

- IV-1 со 20 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-2 со 19 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-3 со 15 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-4 со 15 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-5 со 24 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-6 со 23 ученика македонски јазик-гимназиско образование;
- IV-7 со 20 ученика турски јазик- гимназиско образование;
- IV-8 со 13 ученик македонски јазик-геолошко-рударска металуршка струка;
- IV-9со 15 ученика македонски јазик-електро-техничка струка;
- IV-10 со 12 ученика турски јазик- електро-техничка струка;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1141/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш за учебната 2017/2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ

„Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш за учебната 2017/2018 година, бр. 08-1142/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1142/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 41 ст.5 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ бр. 103/2008; 33/10; 116/10; 156/10;18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14, 116/14, 135/14, 10/15,98/15 и 145/15, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 година, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Коста Рацин" с.Подареш Радовиш за учебната 2017/2018 година

Член 1
Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Коста Рацин"с.Подареш Радовиш, на македонски јазик, за учебната 2017/2018 година и тоа:

**ЦООУ во с.Поадреш**
- I одделение со 18 ученика -1 паралелка;
- II одделение со 20 ученика -1 паралелка;
- III одделение со 20 ученика -1 паралелка;
- IV одделение со 19 ученика -1 паралелка;
- V одделение со 15 ученика -1 паралелка;
- VI одделение со 26 ученика -2 паралелка;
- VII одделение со19 ученика -1 паралелки;
- VIII одделение со 28 ученика -2 паралелки;
- IX одделение со 39 ученика -2 паралелки;

**П.У. во с. Јаргулица**
- I одделение со 1 ученик -1 паралелка;
- II одделение со 10 ученика -1 паралелка;
- III одделение со 10 ученика -1 паралелка;
- IV одделение со 8 ученика -1 паралелка;
- V одделение со 12 ученика -1 паралелка;

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1142/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 год., бр. 08-1143/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1143/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 г., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 година

I. Се прифаќа полугодишниот Извештај за состојбата во областа на јавниот

ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 година, рег.бр. 33.5.4.7 (596) од 18.07.2017 год. бр. 09-1063/1 од 24.07.2017год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1143/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 год., бр.08-1144/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1144/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 година

I. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 година, бр. 34-604/1 од 31.03.2017 год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1144/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештај за вториот квартал од 2017 год. на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за вториот квартал од 2017 година на буџетот на ЕЛС Радовиш, бр.08-1145/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1145/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наградување на талентираните ученици во основното и средното образование во општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 16.08.2017 год., донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за вториот квартал од Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година

Член 1
I. Се усвојува Извештај за вториот квартал од Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1145/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на измени и дополувања на Буџетот на општина Радовиш за 2017 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на измеи и дополувања на Буџетот на општина Радовиш за 2017 год., бр. 08-1146/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1146/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012), како и член 29 од Законот за финансирање на локалната самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 61/2004, 962004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) Советот на Општина Радовиш, на 65 седницата одржана на 16.08.2017 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2017 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2017 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е 00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 Основни плати | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход на плата | -112.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К 40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 463110 Трансфери до здруженијана граѓани и фондации | 710.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L 00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N 10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш и станува составен дел на Буџетот на општината за 2017 година.

Бр. 08-1146/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год. број 08-406/1 од 28.02.2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год., број 08-406/1 од 28.02.2017 година, бр. 08-1147/1, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1147/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наградување на талентираните ученици во основното и средното образование во општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 16.08.2017 год., донесе

ОДЛУКА
За измена и дополнување на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год., број 08-406/1 од 28.02.2017 година

Член 1

I. Се врши измена и дополнување на Одлуката согласно измената на записникот број 09-172/4 од 10.07.2017 година

II. Измената се однесува на член 1, во делот на одобрениот износ, односно целокупниот одобрен износ од 176.000 денари да се замени со изнод од 178.000 денари.

Исто така се заменува износот во член 1 точка 1 одобрен за ООУ „Никола Карев„, каде износот 62.000 денари се заменува со 64.000 денари, а делот оодбрен за ученици од 38.000 ден се заменува со 40.000 денари.

III. Измената на Записникот е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1147/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година, бр. 08-1148/1, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1148/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за давање Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година

Член 1
Се дава Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година, наш број 08-104/10 од 14.07.2017 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1148/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш, бр. 08-1149/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1149/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш во висина од 1.500.000,00 денари за подготовка и натпревари во претстојната сезона 2017/2018 на Втората македонска лига- Исток.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1149/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија за месец 6/2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија за месец 6/2017 година, бр. 08-1150/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1150/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43

од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш
за електрична енергија за месец 6/2017 година

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од 21.343,оо ден., со намена за исплата на ф-ра за електрична енергија за месец 6/2017 година.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1150/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш
за вода за месец 6/2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за вода за месец 6/2017 година, бр. 08-1151/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1151/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш
за вода за месец 6/2017 година

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од 36.145,оо ден., со намена за исплата на ф-ра за вода за месец 6/2017 година.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1151/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на ОО на Црвен крст Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ОО „Црвен крст„ Радовиш, бр. 08-1152/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 16.08.2017 год.

Бр. 09-1152/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од

Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ОО на Црвен крст Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ОО Црвен крст Радовиш во висина од 40.000 денари за организација на летен едукативен камп на тема „Дејствување и подготвеност в о случај на катаастрофи„ кој ќе се одржив о кругот на манастираот „Св.Ѓоргиј„ с.Ораовица Радовиш.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1152/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Федерација на боречки спортови
на Македонија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Федерација на боречки спортови на Македониј, бр. 08-1153/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 16.08.2017 год.

Бр. 09-1153/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08. 2017 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Федерација на боречки спортови на
Македонија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Федерација на боречки спортови на Македонија во висина од 20.000,00 денари за учество на светско првенство на ветерани кој ќе се одржи од 10-15 Октомври 2017 година во Пловдив Република Бугарија.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1153/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на
Програмата за уредување на градежно
земјиште, одржување на комунални
објекти и локални патишта за општина
Радовиш за 2017 година, број 08-1949/2 од
28.12.2016 г.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за

2017 година, број 08-1949/2 од 28.12.2016 г., бр. 08-1154/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1154/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 46 и 59 став 13 од Законот за градежно земјиште (Службен Весник на РМ бр. 82/2008, 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 пречистен текст-бр.70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 115/14, 27/14, 42/14, 28/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15 и 31/16) и чл.21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Радовиш (Службен гласник бр.5/2002), Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на 16.08. 2017 год., донесе

П Р О Г Р А М А
Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2017 година во општина Радовиш број 08-1949/2 од 28.12.2016г.

I. Во Програмата во точка 4 РЕОНИЗАЦИЈА НА УРБАНИОТ ПРОСТОР НА ГРАД РАДОВИШ И ВИСИНА НА КОМУНАЛЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ се додава нов став кој гласи:

- Доколку инвеститорот е верска заедница со посебна Одлука на Советот на општина Радовиш може да се осслободи од надоместок за средување на градежно земјиште

II. Програмата влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-1154/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2017 година, број 08-1948/2 од 28.12.2016 г.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2017 година, број 08-1948/2 од 28.12.2016 г. , бр. 08-1155/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1155/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14 и 44/15), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 43 точка 1 и точка 12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советотна општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2017 ГОДИНА Број 08-1948/2 од 28.12.2016 година

I.Со оваа Програмасе предлага измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2017 година донесена со Одлука на Совет на Општина Радовиш со број 08-1948/2 на седница одржана на 28.12.2016 година и објавена во „Службен гласник на Општина Радовиш„.

**VII. Самофинансирање на планска документација**

| Реден Број | Планска документација | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 10. | ЛУПД со намена Г2, Г3, Г4 - на КП бр. 7, КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. во Општина Радовиш. | 3,40 | самофинансирање |

5. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на урбанистичките планови од програмата Ф1, потребните средства ќе се обезбедат од:

| **Реден Број** | **Програма** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Општина Радовиш за 2017 год. | 4.404.430,00 |
| 2. | Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2013 година | 2.200.000,00 |
| 3. | Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година | 4.750.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **11.354.430,00** |

6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната Програма за изработка на урбанистички планови, општина Радовиш како нарачател на планот склучува договори за изработка на планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.70/13 и 163/13) со правни лица кои имаат лиценци и планери кои поседуваат овластувања за изработка на урбанистички планови.

II. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш

Бр. 08-1155/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за ослободување од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на К.П. бр.1668 сопственост на МПЦ Црква „Свето Пророк Илја„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ослободување од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на К.П. бр1668, сопственост на МПЦ-Црква „Свето Пророк Илја„ Радовиш, бр. 08-1156/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1156/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр.5/2002год.) а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба,

реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2017год. во дел 4 РЕОНИЗАЦИЈА НА УРБАНИОТ ПРОСТОР НА ГРАД РАДОВИШ И ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ бр. 08-1154/1 од 16.08.2017 година, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година донесе

О Д Л У К А
За ослободување од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на МПЦ - Црква Св.Пророк Илија Радовиш

Член 1
Се ослободува од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на МПЦ - Црква Св.Пророк Илија Радовиш за изградба на објект Надградба на Индивидуален станбен објект кој се наоѓа на КП.бр. 1668 КО Радовиш, зграда бр.1 .

Член 2
Пресметаниот надоместок за ослободување е површина за:
– Доградба на скали во приземје 17,99$м^2$ x 1340,00 x 30% = 7.236,00 ден.
– Основа на први кат 68,49 $м^2$ x 1340,00 = 91.777,00 ден.
– Основа на втори кат 63,09 $м^2$ x 1340,00 = 84.540,00 ден.

**Вкупно = 183.553,00 ден.**

Пресметаниот надоместок за ослободување со корекциони коефициенти (законски дозволени намалувања ) изнесува 183.553,00 денари.

Член 3
За изградба на овој објект е поднесена проектна документација преку информацискиот систем е-одобрение и тоа:
– Основен проект за надградба на индивидуален станбен објект – PDF и DWG документи со тех. број: 62-16/02, изработен од Евтимов Дооел Радовиш со назначени проектанти Љупче Евтимов, дипл.инж.арх. Овластување Б за проектирање со број: 1.0834, Наумче Петушевски, дипл.град.инж. Овластување Б за проектирање со број: 2.0761 и Ацо Атанасов,дипл.елек.инж. Овластување Б за проектирање со број: 4.0586.
– Ревизија на основен проект со тех. број: 17/Р.15-2017 извршена од страна на УНИКА ДОО Штип со назначени ревиденти Зоран Златев дипл.инж.арх. Овлас.бр.Б.1.0899, Игор Крстев дипл.град.инж. Овлас.бр.А.2.0298, Коле Чаракчиев дипл.елек.инж. Овлас.бр.А.4.0821.

Член 4
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-1156/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучок за неприфаќање на Нацрт-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот За неприфаќање на Нацрт-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година, бр. 08-1157/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1157/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.08.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За неприфаќање на Нацрт-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година

I. Советот на општина Радовиш не ја прифаќа Нацрт-Стратегијата за интергранција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година и предлага:

1. Владата на Република Македонија треба да го повлече предлагањето на оваа Стратегија.
2. Доколку се пристапи кон нејзино донесување Пратениците во Собранието на Република Македонија треба да мислат на последиците по своите граѓани.
3. Советот на Општина Радовиш смета дека нема услови за прифаќање и спроведување на оваа Стратегија на своја територија.
4. Заклучокот да се достави до Министерство за труд и социјална политика, Влада на Република Македонија, Собрание на Република Македонија и Претседател на Република Македонија.

II. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1157/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1158/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 16.08.2017 год.

Бр. 09-1158/2 Градоначалник на
17 Август 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 16.08.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I.Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **16.08.2017** год. и тоа:

-Комисија за образование, спорт и култура 56-та седница одржана на ден 15.08.2017 година;
-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој 52-ра седница одржана на ден 15.08.2017 година;
-Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарната заштита 31-ва седница одржана на ден 15.08.2017 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1158/1 Совет на општина Радовиш
16 Август 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год. бр.08-1938/2 од 23.12.2016 година ------------------------------------ 1
ПРОГРАМА за измена и дополнување за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2017 год. бр.08-1938/2 од 23.12.2016 година ----------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2016 год. бр.08-1939/2 од 23.12.2016 година -------------- 2
ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите во општина Радовиш од областа на културата за 2016 год. бр.08-1939/2 од 23.12.2016 година -------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2017/2018 година -------------------- 2
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Коста Сусинов" Радовиш за учебната 2017/2018 година -------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш за учебната 2017/2018 година ------- 3
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Коста Рацин" с.Подареш Радовиш за учебната 2017/2018 година -------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 година -------------------------- 4
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2017 година -------------------------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 година ------------------------------------------ 5
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2016 година ------------------------------------------ 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за вториот квартал од 2017 год. на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година ------------------- 2
ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештај за вториот квартал од Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година -------------------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на измени и

дополувања на Буџетот на општина Радовиш за 2017 год. ------------------------------------------- 6
ОДЛУКА За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2017 година ---------------------------------------- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год. број 08-406/1 од 28.02.2017 година ------------------------------------------------- 7
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год., број 08-406/1 од 28.02.2017 година ------------------------------------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година -------------- 7
ОДЛУКА за давање Согласност на одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш по Одлука број 0204-364/1 од 14.07.2017 година ------------------------------------ 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш --------------------------------------------- 8
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб „Плачковица„ Радовиш --------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија за месец 6/2017 год.--8
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија за месец 6/2017 год. - 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за вода за месец 6/2017 година ------------------ 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за вода за месец 6/2017 година ------------------ 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ОО на Црвен крст Радовиш ----- 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ОО на Црвен крст Радовиш ---- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Федерација на боречки спортови на Македонија -------------------------------------- 10
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Федерација на боречки спортови на Македонија -------------------------------------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2017 година, број 08-1949/2 од 28.12.2016 г. - 10
ПРОГРАМА Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2017 година во општина Радовиш број 08-1949/2 од 28.12.2016г. ------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2017 година, број 08-1948/2 од 28.12.2016 г. -------- 11
ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2017 година, број 08-1948/2 од 28.12.2016 г. -------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за ослободување од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на К.П. бр.1668 сопственост на МПЦ Црква „Свето Пророк Илја„ Радовиш -------------- 12
Одлуката за ослободување од плаќање комунален надоместок за уредување на градежно земјиште на МПЦ Црква „Св. Пророк Илја„ Радовиш ------------------------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучок за неприфаќање на Нацрт-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година ------------------------------ 13
ЗАКЛУЧОК За неприфаќање на Нацрт-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за период од 2017-2027 година ------------------------------ 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш --------------------------------------------- 14
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш --------------------------------------------- 14